СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словенечко и македонско издание. Огласи по тарифата. — Текућа сметка кај Народната банка на ФНРЈ за претплата бр. 1031-900880. — Текућа сметка на Продавното одделение 1031-670880.

Среда, 1 август 1951
БЕЛГРАД
БРОЈ 35 ГОД. VII

Цена на овој број е 10.— дин. — Претплата за 1951 година изнесува 600.— динари, а за странство 750.— динари. Редакција: Улица Краљевић'а Марка бр. 9. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276 Продавно одделение 22-619, Телефонска централа 28-010

350.

Врз основа на чл. 74 точ. 12 од Уставот на ФНРЈ, а по предлог од Владата на ФНРЈ, Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија издава

УКАЗ
ЗА УКИНУВАЊЕ ВОЕНАТА СОСТОЈБА СО ГЕРМАНИЈА

Со обзир да поминаа 6 години од завршетокот на војната (1941—1945) и да нема веќе основи за натамошно одржување на воена состојба помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Германија, се утврдува

I

Од денот на влегувањето во сила на овој указ на Германија и германските државјани нема да се применуваат прописите на Федеративна Народна Република Југославија што проистекнале од воената состојба со Германија или се издадени за случај на воена состојба на Федеративна Народна Република Југославија со некоја странска сила.

II

Одредбите од овој указ претставуваат внатрешна мерка и не ги прејудицираат во ништо решенијата што ќе ги содржува договорот за мир со Германија и не се однесуваат до прашањата што произлегуваат од меѓународните договори што постоат за послевоената Германија.

III

Одредбите од овој указ се однесуваат до Германија како целина и на сите германски државјани.

IV

Владата на ФНРЈ ќе го изврши овој указ.

V

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

У. бр. 1164
21 јули 1951 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија

Секретар,
Миле Перуничиќ, с. р.

Претседател,
др **Иван Рибар**, с. р.

351.

Врз основа на чл. 5, 6 и 8 од Уредбата за снабдување на населението („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/48) и на чл. 1 од Уредбата за изменувања и дополнувања на Уредбата за слободна продажба и цените на стоките за широка потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51), во согласност со Претседателот на Советот за селско стопанство и шумарство на Владата на ФНРЈ и со Министерот на финансиите на ФНРЈ, пропишувам

НАПАТСТВИЕ
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА НАПАТСТВИЕТО ЗА ТРГОВСКАТА ДЕЈНОСТ НА ОПШТИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

1. Се укинуваат точките 4 и 5 од Напатствието за трговската дејност на земјоделските задруги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/51).

Земјоделските задруги одсега ќе ги продаваат во своите продавници или преку околиските задружни агенции односно претпријатија селско-стопанските производи само по слободните пазаришни цени, значи без досегашниот попуст од 15%.

Во врска со горното, за продадените селско-стопански производи преку своите продавници или околиските задружни агенции, односно преку претпријатијата, земјоделските задруги нема во иднина да добиваат никакви откупни бонови.

2. Задругите се должни да поднесат барање за бонови до Народната банка на ФНРЈ за стоката што ќе ја продадат до 31 јули 1951 година, најдоцна до 15 август 1951 година.

3. Ова напатствие ќе се применува од 1 август 1951 година.

Бр. 10443
26 јули 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
Осман Карабеговиќ, с. р.

Согласни:

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за селско стопанство и шумарство,
инж. **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

Министер на финансиите на ФНРЈ,
Добривоје Радосављевиќ, с. р.

352.

Врз основа на чл. 8 од Уредбата за изменувања и дополнувања на Уредбата за патните и селидбените трошкови на државните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/51), а во согласност со Претседателот на Советот за народно здравје и социјална политика на Владата на ФНРЈ, пропишувам

НАПАТСТВИЕ
ЗА НАДОКНАДА НА ДНЕВНИТЕ ПРЕВОЗНИ ТРОШКОВИ ЗА ДООЃАЊЕ НА РАБОТА И ВРАЌАЊЕ ОД РАБОТА НА РАБОТНИЦИТЕ И СЛУЖБЕНИЦИТЕ ЗАПОСЛЕНИ ВО СТОПАНСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И СТОПАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА

1. На работниците и службениците запослени во стопанските претпријатија (во работилниците на надлештвата и установите) и во стопанските здруженија може да им се дава надокнада на дневните превозни трошкови за доаѓање на работа и враќање од работа.

Надокнадата на дневните превозни трошкови може да изнесува најмногу 650 динари месечно, и таа се дава само за трошковите преку 250 динари месечно. Трошковите до 250 динари месечно кои се сметаат како редовни не се надокнадуваат.

2. Правото на надокнада на овие трошкови во смисла на точ. 1 ст. 2 од ова напатствие го имаат работниците и службениците чието работно место (претпријатие, работилница, погон, работилиште, секција, дејница) се наоѓа вон местото на нивното постојано живеење.

На работниците и службениците чието работно место се наоѓа во местото на нивното постојано живеење, а на далечина поголема од 4 километра, може да им се исплатува надокнада на дневните превозни трошкови доколку се изложени на трошкови поголеми од нормалните.

Во кои случаи ќе им се исплатува на работниците и службениците од претходниот став надокнада на дневните превозни трошкови, одлучува директорот на претпријатието (на главната дирекција) односно директорот на стопанското здружение, со обзир на потребата за користење определен вид превозни средства, далечината на работното место од местото на живеењето и другите околности што можат да влијаат на висината на овие трошкови.

3. Работниците и службениците кои при доаѓањето на работа и враќањето од работа се користат со превозни средства на претпријатието односно на стопанското здружение, должни се да ги надокнадат трошковите на своето превозење до износот од 250 динари месечно. Трошковите преку 250 динари месечно паѓаат на терет на претпријатието односно на стопанското здружение.

4. Надокнадата на дневните превозни трошкови на работниците и службениците паѓа на терет на претпријатието при кое што се тие во работен (службенички) однос, односно на терет на стопанското здружение во чиј што управен одбор односно работнички совет учествуваат како членови.

5. Оваа надокнада ја исплатува благајната што ги исплатува платите, и тоа до крајот на месецот за минатиот месец.

6. Поблиски напатствија за засметување и исплата на оваа надокнада донесува по потреба надлежниот член на Владата на ФНРЈ во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ и со Претседателот на Советот за народно здравје и социјална политика на Владата на ФНРЈ.

7. Ова напатствие влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 15230
21 јули 1951 година
Белград

Министер на финансиите на ФНРЈ,
Добривоје Радосављевиќ, с. р.

Согласен,
Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за народно здравје
и социјална политика,
др Павле Грегориќ, с. р.

353.

Врз основа на чл. 1 ст. 2 од Основната уредба за откуп на селско-стопанските производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/50), Стопанскиот совет на Владата на ФНРЈ издава

НАРЕДБА
ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО И КУПОПРОДАЖБА НА ИНДУСТРИСКИ РАСТЕНИЈА

1. Индустриските и откупните претпријатија, како и нивните стопански здруженија (во натамошниот текст претпријатија) ќе набавуваат потребни количини индустриски растенија со склучување договори за производство и купопродажба на индустриски растенија (контрахирање) со селанските работни задруги, со економиите на земјоделските задруги, со државните селско-стопански имоти и со индивидуалните производители (во натамошниот текст производители).

2. Условите на договорите за производство и купопродажба на индустриските растенија се утврдуваат со спогодба помеѓу претпријатијата и производителите.

При склучувањето на договорите, претпријатијата — откупувачи должни се да се придржуваат кон напатствијата за контрахирање на индустриските растенија што ќе ги пропише Претседателот на Советот за промет со стоки на Владата на ФНРЈ во согласност со Претседателот на Советот за селско стопанство и шумарство на Владата на ФНРЈ, со Претседателот на Советот за преработувачка индустрија на Владата на на ФНРЈ и со Министерот на финансиите на ФНРЈ.

3. Со договорот особено ќе се регулираат: количината на индустриските растенија од определен вид што е должен производителот да ја произведе на определена површина земјиште; цената и начинот на плаќањето; натуралното давање и авансот; срокот и начинот за испорачка; начинот за обезбедување на семето, вештачкото ѓубре и средствата за заштита на растенија; помошта што е должно претпријатието да му ја укаже на производителот во поглед на обработка на земјиштето; печалите што е должен да и плати производителот односно претпријатието во случај да не го изврши договорот.

Кога претпријатието му обезбедува на производителот семе, вештачко ѓубре и средства за заштита на растенијата во договорот ќе се утврди цената по која што ќе се пресметаат овие производи.

4. Да би можеле производителите навремено да пристапат кон производството на индустриските растенија од родот на 1952 година и да ја ускладат сеидбата на индустриските растенија со други култури, претпријатијата се должни да го завршат договарањето, и тоа:

за уљена репица до 15 август 1951 година;

за сите други видови индустриски растенија, осем тутун, до 31 август 1951 година;

за тутун до 31 декември 1951 година.

5. За да се организира договарањето и откупот на индустриските растенија, претпријатијата можат да образуваат заеднички пословници и агенции, или да склучуваат комерцијални спогодби.

Претпријатијата можат да им доверат на поодделни земјоделски задруги да вршат од нивното име и за нивна сметка договарање и откуп на индустриските растенија

6. Претседателот на Советот за селско стопанство и шумарство на Владата на ФНРЈ во согласност со Претседателот на Советот за преработувачка индустрија на Владата на ФНРЈ може на поодделни претпријатија или на стопански здруженија да им определи реони во кои што ќе го договораат производството и откупот на определените видови индустриски растенија.

7. Претседателот на Советот за преработувачка индустрија на Владата на ФНРЈ може, по потреба да издава напатствија за спроведувањето на оваа наредба.

8. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 596
27 јули 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Стопанскиот совет
на Владата на ФНРЈ,
Борис Кидриќ, с. р.

354.

Врз основа на чл. 8 од Уредбата за снабдување на населението („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/48) и чл. 22 од Основната уредба за откуп на селско-стопанските производи („Службен лист на ФНРЈ", број 53/50), издавам

НАРЕДБА
ЗА РЕГУЛИРАЊЕ ПРОМЕТОТ НА БЕЛИТЕ ЖИТА И НИВНИТЕ ПРЕРАБОТКИ ДО ЗАВРШЕТОКОТ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ОТКУП

1) До завршетокот на задолжителниот откуп на белите жита, слободни одвишоци на жита и нивни преработки можат да купуваат од производителите само индивидуални потрошувачи за своите потреби и за потребите на своите домаќинства.

2) Им се забранува на индивидуалните потрошувачи да купуваат жита и нивни преработки со цел за натамошна препродажба.

3) Времето на завршетокот на задолжителниот откуп ќе се определи дополнително.

4) Оваа наредба влегува во сила веднаш. Со влегувањето во сила на оваа наредба престануваат да важат одредбите на точ. 5, 6 и 7 од Наредбата за регулирање прометот на селско-стопанските производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 69/50).

Бр. 10267
24 јули 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
Осман Карабеговиќ, с. р.

355.

Врз основа на чл. 37 од Законот за уредување и работење на кредитниот систем, издавам

НАРЕДБА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ КРЕДИТ ЗА НАБАВКА НА ЈАГЛЕН ЗА ОГРЕВНИОТ ПЕРИОД ВО 1951/52 ГОДИНА

1) Комуналните банки (месните штедилници), а во местата каде овие не постоат, филијалите на Народната банка на ФНРЈ ќе им одобруваат на работниците и службениците што се постојано вработени во државните стопански претпријатија, стопанските здруженија, во надлештвата и установите и во задружните и општествените организации, како и на личните и фамилијарните пензионери и инвалиди-кредит за набавка на јаглен до износот од 2.200 динари на едно домаќинство.

Поодделно домаќинство може да користи кредит во вредност на количината на јаглен што му припаѓа за огревниот период во 1951/52 година.

2) Кредитите за набавка на јаглен ќе ги одобруваат банките врз основа на бланко меница акцептирана од должникот, со жиро на две кредитно способни лица.

Каматата по овие кредити изнесува 5% годишно, а манипулативните трошкови не можат да преминат 15 динари по еден бон за јаглен.

3) Кредитот ќе се врати во срок од 5 месеци во месечни рати, почнувајќи од 1-иот во месецот по примањето на боновите за јаглен.

4) За да добијат кредит по оваа наредба работниците и службениците ќе се обрнуваат до своето претпријатие, надлештво, установа или организација, а пензионерите и инвалидите до своето здружение, односно организација, што ќе посредуваат помеѓу корисниците на кредитот и банката.

Боновите за јаглен ќе ги добиваат корисниците преку своите претпријатија, надлештва, установи или организации во кои што се постојано вработени, а инвалидите и пензионерите преку своите здруженија, односно организации.

5) Продавачот на јагленот ќе ги наплатува боновите кај банката, откога ќе го потврди приемот на јагленот купувачот со свој потпис на бонот.

Органите што им ги исплатуваат принадлежностите на работниците и службениците, односно здруженијата на пензионерите и организациите на воените инвалиди од војната, должни се да вршат обустава по платниот список, односно да вршат наплата на соодветните месечни отплати, кои веднаш по наплатата, а најдоцна до 10-ти во месецот, ќе ги испраќаат до банката при која е одобрен кредитот.

За секоја промена во службениот однос на корисникот на кредитот и на гарантите должно е претпријатието, установата, надлештвото односно организацијата да ја извести банката при која што е кредитот одобрен, во случај на преместување да го назначи и новиот исплатен орган кој е должен да врши натамошни обустави до конечната исплата на долгот.

6) Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 15487
26 јули 1951 година
Белград

Министер на финансиите на ФНРЈ,
Добривоје Радосављевиќ, с. р.

356.

Врз основа на чл. 17 од Уредбата за платите на работниците на државните и задружните селско-стопански добра („Службен лист на ФНРЈ", бр. 58/48), а во согласност со Претседателот на Советот за промет со стоки на Владата на ФНРЈ и со Претседателот на Советот за народно здравје и социјална политика на Владата на ФНРЈ, донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА УКИНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊАТА И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДДЕЛНИТЕ ДАВАЊА НА СЕЛСКО-СТОПАНСКИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ЌЕ СЕ ОБВРЗАТ СО ДОГОВОР ДЕКА ЌЕ ОСТАНАТ ВО РАБОТЕН ОДНОС НАЈМАЛКУ ЕДНА ГОДИНА

1) Решението за изменувања и дополнувања на Решението за одделните давања на селско-стопанските работници што ќе се обврзат со договор дека ќе останат во работен однос најмалку една година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 66/50) се укинува.

2) Количините на месо и маст што не се одбиени до сега од обезбеденото снабдување на работниците и службениците за примените слаби свињи, овци и пченка, нема да се одбијат.

3) Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 6420
12 јули 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за селско стопанство и шумарство,
инж. **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

Согласни:
Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
Осман Карабеговиќ, с. р.
Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за народно здравје и социјална политика,
др **Павле Грегориќ**, с. р.

357.

Врз основа на чл. 7 и 22 од Основната уредба за откуп на селско-стопанските производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/50), чл. 10 од Уредбата за трговијата по сврзаните цени („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/50) и Уредбата за надлежноста за определување и контрола на цените и тарифите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 63/50), а во согласност со Претседателот на Советот за промет со стоки на Владата на ФНРЈ и со Министерот на финансиите на ФНРЈ, донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНУВАЊА И ДОПОЛНУВАЊА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗНОСОТ НА БОНОВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА ПО СВРЗАНИТЕ ЦЕНИ ШТО ГИ ДОБИВААТ СЕЛАНСКИТЕ РАБОТНИ ЗАДРУГИ ЗА СЕЛСКО-СТОПАНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ ИСПОРАЧАНИ ПО ПЛАНОТ НА ОТКУПОТ, КАКО И ЗА СЕЛСКО-СТОПАНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ ШТО ГИ ПРОДАВААТ НА СЛОБОДЕН ПАЗАР

Во Решението за износот на боновите на трговијата по сврзаните цени што ги добиваат селанските работни задруги за селско-стопанските производи испорачани по планот на откупот, како и за селско-стопанските производи што ги продаваат на слободен пазар („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/51) се вршат изменувања и дополнувања, така пречистениот текст да гласи:

1. На селанските работни задруги за сите договорени плански испораки на жита, маст, волна, кожа и индустриски култури им припаѓа покрај вредноста во пари по пониските единствени (сврзани) цени определени за овие артикли, уште и 150% откупни бонови од вкупната вредност на испорачаните производи.

2. Селанските работни задруги ги продаваат селско-стопанските производи на слободен пазар преку сопствени продавници или преку претпријатијата за продажба на селско-стопански производи на фондовите за механизација и инвестициона изградба на задружното селско-стопанство, само по слободните пазарни цени. Во вакви случаи селанските работни задруги имаат право на добивање откупни бонови во износ од 15% од бруто прометот по сметката.

Местата во кои што споменатите продавници имаат право на добивање откупни бонови, ќе ги определат согласно претседателот на советот за селско стопанство и шумарство на владата на народната република и претседателот на советот за промет со стоки на владата на народната република.

3. Кога селанските работни задруги ги продаваат селско-стопанските производи на државната и на општествената трговска мрежа, на угостителските претпријатија и одмаралиштата, на социјалните и здравствените установи и на Југословенската армија по слободно формираните цени, добиваат 15% откупни бонови од бруто прометот по сметката.

4. Ова решение ќе се применува од 1 август 1951 година.

Бр. 6419
12 јули 1951 година

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за селско стопанство и шумарство,
инж. **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

Согласни:
Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
Осман Карабеговиќ, с. р.
Министер на финансиите на ФНРЈ,
Добривоје Радосављевиќ, с. р.

Советот за промет со стоки, по извршеното сравнување со изворниот текст установи дека во текстот на Наредбата за единствените продавни цени на мало на тутунот, тутунските преработки, кибритот, книгата за цигари, солта и петролот за осветление и за наголемување износот на индустриските бонови за купување на индустриски стоки со попуст, објавена во „Службениот лист на ФНРЈ", бр. 33 од 18 јули 1951 година се поткрала долу наведената грешка и дава следна

ИСПРАВКА

НА НАРЕДБАТА ЗА ЕДИНСТВЕНИТЕ ПРОДАВНИ ЦЕНИ НА МАЛО НА ТУТУНОТ, ТУТУНСКИТЕ ПРЕРАБОТКИ, КИБРИТОТ, КНИГАТА ЗА ЦИГАРИ, СОЛТА И ПЕТРОЛОТ ЗА ОСВЕТЛЕНИЕ И ЗА НАГОЛЕМУВАЊЕ ИЗНОСОТ НА ИНДУСТРИСКИТЕ БОНОВИ ЗА КУПУВАЊЕ НА ИНДУСТРИСКИ СТОКИ СО ПОПУСТ

Во одделот I. точ. 1) за цигарети „Блед" стои цена динари 80 за 20 цигарети а треба за 25 цигарети.

Бр. 9897. — Од Советот за промет со стоки на Владата на ФНРЈ, 28 јули 1951 година.

СОДРЖАЈ:

Страна

350. Указ за укинување воената состојба со Германија — — — — — — — — — — — — — 457
351. Напатствие за изменувања на Напатствието за трговската дејност на општите земјоделски задруги — — — — — — — — — — — 457
352. Напатствие за надокнада на дневните превозни трошкови за доаѓање на работа и враќање од работа на работниците и службениците запослени во стопанските претпријатија и стопанските здруженија — — 457
353. Наредба за склучување договори за производство и купопродажба на индустриски растенија — — — — — — — — — — — — 458
354. Наредба за регулирање прометот на белите жита и нивните преработки до завршетокот на задолжителниот откуп — — — — — — 459
355. Наредба за одобрување кредит за набавка на јаглен за огревниот период 1951/52 година — — — — — — — — — — — — — — 459
356. Решение за укинување на Решението за изменувањата и дополнувањата на Решението за одделните давања на селско-стопанските работници кои со договорот ќе се обврзат дека ќе останат во работен однос најмалку година дена — — — — — — — 459
357. Решение за изменувања и дополнувања на Решението за износот на боновите на трговијата по сврзаните цени кои селанските работни задруги ги добиваат за селско-стопанските производи испорачани по планот на откупот како и за селско-стопанските производи што ги продаваат на слободен пазар — — — — — — — — — — — — — 460

Исправка на Наредбата за единствените продавни цени на мало на тутунот, преработките на тутун, кибрит, книгата за цигари, сол и петрол за осветление и наголемувањето на индустриските бонови за купување индустриска стока со попуст — — — — — — — 460

Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" новинарско издавачко претпријатие — Белград, Улица Кралевиќа Марка бр. 9 — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Кралевиќа Марка бр. 9. — Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград